Македонски центар за меѓународна соработка
Никола Парапунов 41а • П.Ф.55 • 1060 Скопје • Република Македонија
тел. 02/3065-381 • факс 02/3065-298 • е-пошта mcms@mcms.mk

# БАРАЊЕ ЗА ПОНУДИ
## за испорака на курсеви за занимања

Почитувани,

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) Ве поканува да доставите понуда за испорака на курсеви за занимања за потребите на проектот „Оспособување на малцинските жени погодени од конфликтот“, финансиран од Европската Унија (ЕУ). Потребните услуги се опишани во прилог.

Ве молиме земете ги предвид следниве барања за доставување на понудата:

1) **Техничката понуда** треба да ги содржи следните информации:
- Општ опис на добавувачот со фокус на искуството во испорака на курсеви за возрасни занимања;
- Куси биографии на наставниот кадар кој ќе ги испорачува курсевите (образование, релевантно искуство, јазици на кои може да испорачува курсеви и сл.);
- Преглед на курсевите кои може да ги испорача добавувачот;
- Опис на понудените курсеви: наставна програма (содржина на курсот), број на часови и тек на наставата; материјали; опрема за изведување на наставата и начинот на тестирање;
- Договор за заеднички настап (во случај на група понудувачи).

2) **Финансиската понуда** треба да биде во следниов формат и треба да бидат пополнети сите колони од табелата (повеќе детали се дадени во описот на услугите):

| Став-ка | Опис на услуга | единица | Количина | Единечна цена без ДДВ (во МКД) | Вкупна цена без ДДВ (во МКД) | Вкупна цена со ДДВ (во МКД) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Курсеви за фризерство | Учесник | 10 | | | |
| 2. | Курсеви за кроење и шиење | Учесник | 25 | | | |
| 3. | Курсеви за компјутерско водење сметководство | Учесник | 15 | | | |
| 4. | Курсеви за готвач во угостителски објекти | Учесник | 10 | | | |
| | **ВКУПНО** | | **60** | | | |

3) Во прилог на понудите треба да се достави и следната **придружна документација**:
- детали за договори од слична природа – референци;
- документ за регистрирана дејност, не постар од една година;
- тековна состојба на добавувачот, не постара од една година;
- изјава на овластеното лице на добавувачот дека против субјектот не е поведена стечајна постапка и нема забрана за вршење на дејност или друг соодветен документ издаден од надлежен орган.

Понудата се доставува со предавање во архивата на набавувачот (МЦМС, ул. Никола Парапунов бб, Скопје), најдоцна до 28 јуни 2013 година (петок) до 17 часот.

Прашања за појаснувања може да се поставаат најдоцна до 26 јуни 2013 година (среда) до 17 часот на следната адреса за е-пошта: dst@mcms.mk.

Со почит,

ДСј/ДСј, бр. 08-78/5-2013
Скопје, 17.6.2013 г.

Даниела Стојанова
Раководител на проектот

Operational Programme for Human Resources Development 2007-2013
Project “Assisting conflict-affected minority women”, funded by the European Union.
Contract no.: 09-37895/1